Врз основа на член 86 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за приредување на игри на среќа во автомат клуб

1. На Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар „3-та Македонска Бригада" бр.66-А-3 кат/Скопје, Аеродром МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во деловната просторија која се наоѓа во Подружница Автомат клуб Диме Тетово, на ул. „Маршал Тито" бр.1, 1200 Тетово, за период од шест години.

2.Во автомат клубот во Подружница Автомат клуб Диме Тетово, на ул. „Маршал Тито" бр.1, 1200 Тетово, Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје ќе постави 64 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 2 автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3.Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на Лиценцата.

4.Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

5.Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на Лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на Лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на Лиценцата и
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на Лиценцата.

6.Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека Лиценцата не била воопшто издадена.

7.Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

8.Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 66.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на Лиценцата.

9.Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на Лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

10. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа.

11. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на

разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство.

12. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина во износ кој не може да биде помал од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, за целото времетраење на лиценцата.

13. Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 12, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе Лиценцата.

14. Оваа Лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

## Образложение

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје до Министерството за финансии поднесе Барање бр.13-6723/1 од 25.7.2023 година и дополнувања на Барањето бр.13-6723/3 од 11.8.2023 година, бр.13-6723/6 од 30.8.2023 година и бр.13-6723/7 од 4.9.2023 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во деловната просторија која се наоѓа во Подружница Автомат клуб Диме Тетово, на ул. „Маршал Тито“ бр.1, 1200 Тетово.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:
- Извештај за проценетата вредност на основната главнина на Друштвото „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје од 11.5.2005 година изготвен од Трговско друштво за даночен и сметководствен консалтинг ЕКОНОМСКИ ЦЕНТАР ПРИМЕКО Бранко, Славчо и Златко ДОО Скопје;
- Изјава за основање на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје дадена на 12.5.2005 година од ГЛ & А Холдинг ГмбХ, Виена, Австрија;
- Решение од 24.5.2005 година донесено од Основен суд Скопје I Скопје;
- Општ девизен Налог образец 746 од 6.6.2005 година, издаден од Комерцијална банка АД Скопје;
- Одлука за распоредување на добивката остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи за 2007 година од 21.3.2008 година, донесена од МОНДЕА ИНВЕСТМЕНТС С.А, Луксембург;
- Одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје од 10.5.2008 година, донесена од МОНДЕА ИНВЕСТМЕНТС С.А, Луксембург;
- Одлука за измена на изјавата за основање на друштвото од 9.8.2010 година донесена од AUSTRIAN GAMING INDUSTRIES GmbH, Австрија;
- Образец за наплата од странство 743 од 14.9.2010 година, издаден од ИЗВОЗНА И КРЕДИТНА БАНКА А.Д. Скопје;

- Одлука за измена на изјавата за основање на Друштвото од 16.9.2010 година, дадена од AUSTRIAN GAMING INDUSTRIES GmbH, Австрија;
- Одлука за зголемување на основната главнина на друштвото од 16.9.2010 година донесена од AUSTRIAN GAMING INDUSTRIES GmbH, Австрија;
- Одлука за пренос на удел, пристапување на нов содружник во Друштвото, истапување на содружник од Друштвото, подготовка на пречистен текст на Изјавата за основање на Друштвото од 26.5.2011 година донесена од Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, Австрија и Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Договор за пренос на удел склучен помеѓу Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, Австрија и Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје на 26.5.2011 година;
- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст), дадена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје на 26.5.2011 година;
- Анекс на документи поднесени кон пријавата за промени во друштвото донесен од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје и Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, Австрија на 27.5.2011 година;
- Анекс на Изјавата за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текст) донесен од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје на 27.5.2011 година;
- Договор за пренос на удел склучен помеѓу Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, Австрија и Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје на 27.5.2011 година;
- Одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје од 11.3.2019 година донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за измена на изјавата за основање од 11.3.2019 година донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 13.3.2019 година донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за намалување на основната главнина на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје од 27.8.2022 година донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за измена на изјавата за основање од 27.8.2022 година донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 27.8.2022 година (пречистен текст) донесена од Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Правила за игри на среќа на автомати од 21.6.2023 година и правила за игри на среќа на електронски рулет од 28.6.2023 година донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје;
- Уплатница за уплата на средства за основачки влог Образец ПП30 на 13.3.2019 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;
- Извод од денарска сметка за ден 13.3.2019 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;
- Купопродажен договор склучен на 1.7.2017 година помеѓу Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје и „МА ГАМИНГ" ДООЕЛ Скопје;
- Извод за промени и состојба на 25.9.2017 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;

- Потврда за состојба на сметка на имателот на сметката (солвентност) бр.20/2605-975 од 10.8.2023 година издадена од Стопанска банка АД Скопје;
- Извод од денарска сметка бр.139 за 24.7.2023 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;
- Потврда за исплатени плати бр.20/2622-964 од 25.7.2023 година издадена од Стопанска банка АД Скопје;
- Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.272-02 1.3.2023 година и Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.270-02 од 1.3.2023 година донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје;
- Решение бр.2718/01230-0938/2 од 12.7.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;
- 66 уверенија за техничка исправност на автоматите за игри на среќа издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП" ДООЕЛ Скопје;
- Тековна состојба бр.0805-50/150020230200243 од 10.8.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Решение бр.35020230017828 од 10.8.2023 година донесено од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда бр.05-035313/23-0002 од 5.7.2023 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија;
- Уверение за платени даноци и придонеси бр.27-57/3487/2 од 5.7.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/3237 од 18.7.2023 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/3238 од 18.7.2023 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120230018810 од 18.7.2023 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120230018811 од 18.7.2023 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;
- Информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/396 од 19.7.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и
- административна такса од 600 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб има уплатено основна главнина во износ од 2.505.000,00 евра видно од тековната состојба бр.0805-50/150020230200243 од 10.8.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 12 и 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите бр.0808-12/3237 од 18.7.2023 година, бр.0808-12/3238 од 18.7.2023 година, бр.0808-50/150120230018810 од 18.7.2023 година и бр.0808-50/150120230018811 од 18.7.2023 година, издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/396 од 19.7.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на податоците искажани во годишната сметка за 2022 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од Програмата за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.272-02 1.3.2023 година и Проценката на ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.270-02 од 1.3.2023 година донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека со Програмата се утврдени законските мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам и проценки на ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Од уверението за платени даноци и придонеси бр.27-57/3487/2 од 5.7.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата бр.05-035313/23-0002 од 5.7.2023 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија, се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување и царини.

Од доставеното решение бр.2718/01230-0938/2 од 12.7.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека деловната просторија која се наоѓа во Подружница Автомат клуб Диме Тетово, на ул. „Маршал Тито“ бр.1, 1200 Тетово ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во автомат клуб, видно од потврдата за состојба на сметка на имателот на сметката (солвентност) бр.20/2605-975 од 10.8.2023 година издадена од Стопанска банка АД Скопје.

Од доставената потврда за исплатени плати бр.20/2622-964 од 25.7.2023 година издадена од Стопанска банка АД Скопје, се потврди дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во периодот од јануари 2023 година до јуни 2023 година.

Од доставениот извод за промени на состојба на 24.7.2023 година бр.139 издаден од Стопанска банка АД Скопје, се утврди дека паричните средства кои ќе се уплатуваат на име надоместок за добивање на лиценца се од дневниот промет на друштвото.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Од доставената изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 27.8.2022 година донесена од единственот содружник Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека основната главнина на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје изнесува 2.505.000,00 евра паричен влог.

На 27.5.2011 година склучен е договор помеѓу Аустриан Гаминг Индустриес, Австрија и Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, со кој Друштвото „ХТЛ МАКЕДОНИЈА“ го презема 100% уделот од основната главнина во Друштвото „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје од Аустриан Гаминг Индустриес, Австрија без надомест.

На 27.5.2011 година единствениот содружник на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје, Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје донесе Анекс на изјавата за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текс) со кој изврши измена на изјавата на друштвото донесена на 26.5.2011 година, при што основната главнина на друштвото изнесува 4.180.000,00 евра и тоа паричен влог во износ од 1.880.000,00 евра и непаричен влог во износ од 2.300.000,00 евра.

Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје како единствен содружник на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје, на 11.3.2019 година донесе Одлука за зголемување на основната главнина со паричен влог во износ од 625.000,00 евра, видно од уплатница за уплата на средства за основачки влог Образец ПП30 од 13.3.2019 година, издадена од Стопанска банка АД Скопје.

Потеклото на паричниот влог во износ од 625.000,00 евра се утврди од купопродажниот договор склучен на 1.7.2017 година помеѓу Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје и „МА ГАМИНГ" ДООЕЛ Скопје и изводот за промени на состојба на 25.9.2017 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, односно новиот паричен влог потекнува од приходи по основ на продажба на автомати.

По уплатата, основната главнина на друштвото изнесува 4.805.000,00 евра, од кои 2.505.000,00 евра е паричен влог, а остатокот од 2.300.000,00 евра непаричен влог.

На 27.8.2022 година Друштвото за услуги „ХТЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје донесе Одлука за намалување на основната главнина на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје, со која го повлече во целост непаричниот влог во износ од 2.300.000,00 евра, со што основната главнина на друштвото изнесува 2.505.000,00 евра паричен влог.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на среќа на автомати од 21.6.2023 година и правила за игри на среќа на електронски рулет од 28.6.2023 година донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје кои се во согласност со член 92 ставови (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Од доставените 66 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП" ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното мислење бр.21-254/11 од 13.12.2013 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје е официјално поврзано на системот за размена на податоци помеѓу НИС системот на автомат клубот со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје.

Според член 2 точка 23) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/16, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22), игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта.

Според точка 24) од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.

Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Во согласност со член 87 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1), трговското друштво на кое му е издадена лиценца согласно со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб, согласно член 90 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, за секој автомат за игри на среќа поставен во автомат клубот. Доколку приредувачот не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 став (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точките 10 и 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 14 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр. 41-11745/4**
**28 ноември 2023 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Бојан Маричиќ**

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата